Врз основа на член 20 од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата ("Службен весник на РМ" бр. 69/96, 13/99, 41/2000, 96/2000 и 45/2002), министерот за животна средина и просторно планирање во согласност со министерот за здравство, министерот за внатрешни работи, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за економија, донесува

# Н А Р Е Д Б А
# ЗА ЗАБРАНА НА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УПОТРЕБА НА ДЕТЕРГЕНТИ ЗА МАШИНСКО ПЕРЕЊЕ НА ТЕКСТИЛНИ ПРОИЗВОДИ СО СОДРЖИНА НА ФОСФОР ВО ОРГАНСКА ИЛИ НЕОРГАНСКА ФОРМА СО НАД 0,5 % ТЕЖИНСКИ

Член 1

Со цел да се запази јавниот интерес во користењето на водите и спречат појави на еутрофикација на водните екосистеми во Република Македонија, со оваа наредба се забранува:

1. Употреба на детергенти за машинско перење на текстилни производи во домаќинствата, со содржина на фосфор во органска и неорганска форма со над 0,5 % тежински.
2. Производство и промет на детергенти за машински перења на текстилни производи со содржина на фосфор во органска и неорганска форма со над 0,5 % тежински, подготвени во форма или пакување за продажба на мало.

Член 2

Забраната од членот 1 точка 2 на оваа наредба не се однесува на производство на оние детергенти за машинско перење на текстилни производи кои се наменети за извоз.

Член 3

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува за увоз и производство на детергентите од член 1 од оваа наредба од 31 мај 2005, а за употреба и пуштање во внатрешниот промет на детергентите од член 1 на оваа наредба од 1 ноември 2005 година.

Бр. 07-1370/1
4 април 2005 година
Скопје

Министер за животна
средина и просторно
планирање,
м-р **Зоран Шапуриќ,** с.р.

Министер за здравство,
д-р **Владимир Димов,** с.р.

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Садула Дураку,** с.р.

Министер за економија,
м-р **Фатмир Бесими,** с.р.

Министер за
внатрешни работи,
**Љубомир Михајловски,** с.р.